# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 4

## 28.02.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

февруари, 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден ---.02. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 44. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 44. Седница одржана на **26.02. 2025 година** и тоа:

1. **Заклучок по Решението бр. 09-348/2 од 20.02.2025 г. од Државниот управен инспекторат.**

2. **Решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево**;

3. **Одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр. бр. 1 по барање на Јово Цонев**;

4. **Одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Сашко Кацарски;**

5. **Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024 г.**

6. **Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 г.**

7. **Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година;**

8. **Програма за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**

9. **Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота за 2024 г.;**

10. **Програма за јавна чистота за 2025 г на Општина Делчево**

11. **Одлука за парична помош по Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025**;

12. **Одлука за парична помош по Барање бр. 21-396/1 од 12.02.2025;**

13. **Одлука за парична помош по Барање бр.21-413/1 од 14.02.2025;**

14. **Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ловечко Здружение „Острец“ Делчево по Барање бр.21-219/1 од 27.01.2025 година** ;

15. **Одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр. 21-446/1 од 18. 02. 2025г**.;

16. **Заклучок по Барање од Ванчо Димитров, бр 09-322/1 од 06.02.2025**

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 548/1**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28. 02. 2025 год.** **Градоначалник,**

**Делчево** **Горан Трајковски**

1.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, а во врска со Решението ИП1 бр.09-150 од 18.02.2025 година на Државниот управен инспекторат, Советот на Општина Делчево на својата 44. Редовна седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Одделението за правни и општи работи и јавни дејности да изготви Жалба против Решението ИП1 бр.09-150 од 18.02.2025 година на Државниот управен инспекторат, согласно со законските регулативи и да ја испрати Жалбата до Државната комисија за одлучување по втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од приемот на ова Решение.
2.Се задолжува Одделението за правни и општи работи и јавни дејности да изготви преставка за инспекторот од Државниот управен инспекторат кој го донел Решението ИП1 бр.09-150 од 18.02.2025 година.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 517/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**26.02. 2025 година** **Претседател**

**Делчево** **Гоце Попов**

2. Врз основа на член 100 став 3 и член 101 став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 263/2023, 30/2024, 74/2024 и 170/2024) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно со Барањето на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“- Делчево бр.03-337/1 од 19.09.2024 година, Советот на Општина Делчево, на својата 44. Редовна седница, одржана на ден 26 .02. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“**

I. **Д-р Соња Мавродиева - Георгиевска** се разрешува од функцијата претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“- Делчево.

II. **Д-р Дејан Златковски**, **специјалист по семејна медицина од ПЗУ „Акус-медика“**, се именува за претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“- Делчево.

III. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 518/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на својата 44 Редовна седница, одржана на ден 26.02. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од планскиот опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по Барање на Јово Цонев**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект **број уп I бр. 12-15** од **12.01.2018** година, од страна на **Јово Цонев од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда **бр. 1 изграден** на **КП бр**.**6149 КО Град** запишана во Имотен лист бр. **63** и кој е надвор од урбанистичкиот плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-519/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

4. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и

Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17) Советот на Општина Делчево на својата 44 Редовна седница, одржана на ден 26.02. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**објект викенд куќа згр. бр. 1 –по барање на Сашко Кацарски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**886** од **22.08.2011** година, од страна на **Сашко Кацарски од ул. „Трст“ бр.20 – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**.**3309 КО Делчево** запишана во Имотен лист бр. **9267 и КП бр**.**3310 КО Делчево** запишана во Имотен лист бр. **10199** и кој е надвор од урбанистичкиот плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-520/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов**

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/2006, 148/2008, 6/2009, 92/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/2021, 89/2022), Советот на Општина Делчево, на својата 44. Редовна седница, одржана на 26.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево на Полициската станица од општа надлежност Делчево, бр.23.28.11.1-1350 од 12.02.2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.
3. Заклучокот со Извештајот да се достави до министерот за внатрешни работи на РСМ и Народниот

правобранител на РСМ.

**Бр. 09 – 521/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

6. Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ бр.104/2019 ,146/2019 , 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 273/2022 и 65/2023 ) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и „ Сл.весник на РСМ“ бр.84/20 и 202/24) а согласно Националната програма за развој на социјалната заштита , Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, бр.08-1550/1 од 19.07.2022 година , а по доставено позитивно мислење од МТСП бр.10-198/2 од 07.02.2025 година, на својата 44 редовна седница, одржана на ден 26.02.2025 година, Советот на Општина Делчево донесе

## ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

### I. Вовед/Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита. Според овие закони, општините организираат и обезбедуваат спроведување на здравствена, социјалната заштита и заштита на децата, преку донесување **сопствени Програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита** (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата со еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита), **заштита на децата** (преку згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација, други облици на детска заштита) и **здравствената заштита** (во поглед на унапредување на здравјето, превентвни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа и сл.) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овие закони и донесуваат општи акти.

Исто така, во планирањето на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата на локално ниво свое значење има и Националната програма за развој на социјалната заштита и Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, донесен на седница на Советот за социјална заштита на Општина Делчево на 19.07.2022 година.

Други општински документи и акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита а кои се земени во предвид при подготовката на Програмата за социјална заштита се:

- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-151/1 од 26.01.2023 година,

- Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 1/18 и 7/21),
- Годишен извештај за реализираната програмата за остварување на социјална заштита на општина Делчево за 2024 година и
- Извештајот од спроведеното социјално мапирање на лицата со попреченост, нивните потреби и приоритети.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и надлежностите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика демографија и млади, приватниот сектор , невладините организации а пред се со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион.

## II. Местоположба и социоекономска статитика на Општина Делчево

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º 58’ северна географска ширина и 22º 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Службен весник 55/04 и неговите измени) и Листата на рурални подрачја и рурални населени места во Република Македонија (Службен весник бр.89/2011), општина Делчево е класифицирана како рурална општина.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредничкиправец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна. Општина Делчево има добри сообраќајни врски бидејќи магистралниот пат А3 Делчево-граничен премин со Република Бугарија минува низ неа.

**Население**

Според Пописот во 2021 година во општина Делчево живеат 13.585 жители, од кои 11.949 или 87,95% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Од нив 6.806 се мажи а 6.779 се жени.Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2. Податоците кои се содржани во оваа Програма за социјална заштита, се најново објавените од страна на ДЗС од Пописот 2021 година, согласно ажурираноста.

Согласно етничката припадност на населението, според официјалните податоци од Пописот 2021 година, македонците се во најголем дел 12.962, албанци се 20 (17 жени и 3 мажи), турци 112 (54 жени и 58 мажи), роми 475 (231 жени и 244 мажи), власи 5 (жени 2 и мажи 3), срби 9 (жени 4 и мажи 5) и бошнаци 2 (1 жена и 1 маж)

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, најмногу доминира населението на возраст од 55 до 59 години, додека најмалку бројна е популацијата до деветгодишна возраст.

**III.ЦЕЛИ на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 година**

- ***Општа цел на Програмата:***

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните вклучително на потребите и на жените и на мажите во Општина Делчево.

- **Специфични цели на Програмата:**
  - Остварување на социјална заштита на лица/семејства во социјален ризик, маргинализирани групи , лица/семејства погодени од несреќи и други елементарни непогоди и лица со посебни потреби
  - Развој на социјални мерки за невработените лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот,
  - Обезбедување помош и грижа за децата,
  - Обезбедување мерки и услуги за старите лица ,
  - Промовирање нови социјални услуги

**IV. ЛОКАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА СО ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА:**

1. **Социјална заштита на стари лица**
2. **Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**
3. **Социјална заштита на лица со посебни потреби**
4. **Социјална заштита на социјално- загрозени семејства**
5. **Општинско корисна работа**
6. **Воведување на социјални услуги**

**1.Социјална заштита на стари лица**

Со воведување на социјалната услуга за нега и грижа за стари и изнемоштени лица, Општина Делчево во соработка со образовните, социјалните , здравствените институции и пред се со здруженијата на граѓани и други даватели на социјални услуги кои се сертифицираат за таа услуга, воведе социјална услуга за нега и грижа на стари изнемоштени лица. Овие активности се одвиваа и изминатите години но со помал буџет и со одреден рок на реализација, и не во целосно организирана форма како што е проектот за развој на социјалните услуги од МТСП. Во Општина Делчево за овој вид на услуга лиценца добија ЗГ Бравура кооператива и ОО на Црвен крст, при што опслужуваат околу 82 лица од кои 48 се мажи и 34 жени.
Несомнена е потребата од услуга за дневен престој за пензионери и Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица со 24 часовен третман. Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Минатата 2024 година во Програмата за ОКР беа ангажирани 10 невработени лица од кои 8 жени и 2 мажи, од нив 2 се роми/ки и 8 македонци/ки, кои пружаа услуга за нега и грижа во домот на вкупно 72 корисници од кои 32 мажи и 41 жена. Во изградба е првиот приватен дом за стари лица на територијата на Општина Делчево , чиј почетен капацитет ќе биде 35 згрижени лица .

Според податоците од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, во Општина Делчево вкупно 419 лица (201 маж и 218 жени) примаат додаток за помош и нега од друго лице. Значи овие лица не се во состојба да се грижат сами за себе. Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3603 лица. Од нив 1803 се жени а 1800 мажи. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово, но тој е со ограничен капацитет. Од средбите кои редовно ги одржуваме со месните и урбаните заедници и

Центарот за социјални работи, констатиравме дека на подрачјето на нашата општина живеат околу 164 стари изнемоштени лица (92 жени и 72 мажи) кои живеат сами од разни причини: немаат блиски роднини, децата заминале да работат во друг град или во странство. 62 постари лица се без семејна грижа (35 жени и 27 мажи) а 22 од нив се без никакви примања (13 жени и 9 мажи). Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавувват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини На тие лица им е потребна елементарна грижа, внимание и некој барем еднаш дневно да ги посетува и да им ги набавува основните намирници и лековите. Во нашата општина нема ниту еден колективен центар за сместување на стари лица ниту пак има дневен центар за згрижување на стари лица. Овие лица најчесто се неспособни за извршување на секојдневните животни потреби, изложени се на болести и изолирани се од социјалната средина. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ,
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг.
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Во 2024 година отпочнавме со реализација на услугата за далечински мониторинг и дијагностика на пациенти кои не се во можност да ги посетуваат матичните лекари. Проектот е финасиран од Австриската агенција за развој и соработка а во парнерство на НАЛАС . Во проектот се вклучени 4 матични лекари кои со опремата за далечински мониторинг, овозможуваат следење на здравствената состојба на околу 300 пациенти годишно.

| ЦЕЛНИ ГРУПИ /ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛНИ ГРУПИ** | **РИЗИЦИ И ПРОБЛЕМИ** | **ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ** | **ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ** |
| **1.СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА** | -Отфрленост од семејството<br>-Изложеност на болести<br>-Неспособност за извршување на секојдневмите животни потреби<br>-Изолираност од социјалната средина | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ преку даватели на услуги<br><br>-функционирање тимови за домашна посета<br>-функционирање тимови за здравствена заштита<br>-клуб и дневен центар за стари лица<br>-дом за стари лица<br>-далечински мониторинг и дијагностика на пациенти | -Општина Делчево<br>- ЈУМЦСР<br>-Здравен дом Гоце Делчев<br>-НВО |

За реализација на најголем дел од овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на Министерството за социјална политика, демографија и млади,  а реализацијата на активностите ќе се реализира преку лиценцирани НВО за давање на услугата грижа во домот.

**2.Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**

Во консултација со стручните служби во општинските училишта утврдено е дека се поголем е бројот на млади од средните па и од основните училишта кои конзумираат дрога и други психоактивни супстанции. На оваа возраст најчесто употребувани супстанции кај младите се марихуана, алкохол и седативи, многу поретко наркотични аналгетици и опијати. Поради тоа кај младите се јавува:

- загрозена сигурност и безбедност
- деца во судир со законот и асоцијално однесување
- запоставени деца(семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за децата)
- опасност по здравствената состојба на децата
- невклученост во образовниот процес
- изложеност на деликвентно однесување
- конфликти во семејството
- ризици по здравјето
- насилство, зависности
- криминогено однесување
- конфликти во семејството.

**Со воведување на социјалната услуга – советувалиште за млади во социјален ризик и ризик од зависности и нивните семејства превентивно ќе се делува за да се надогради знаењето на младите за штетното влијание на психотропните супстанци како од здраствен аспект така и од законодавен аспект, да се подигне јавната свест кај просветните работници а воедно и кај родителите, за промовирање активности кои би довеле до намалување на процентот на ризик за посегање по психотропни супстанци, а воедно да се даде поддршка на оние млади кои веќе се зависници да посетат соодветни институции за нивната состојба и да се охрабрат родителите кои имаат деца зависници да се обратат за помош во соодветни институции.**

Во соработка со МВР - одел за превенција, десиминатори од ЦКРМ – ОО Делчево од областа на врснички едукации од зависности од дрога и други психотропни супстанци, психијатар и социјални работници, ќе се формираат тимови кои ќе одржат бројни предавања и работилници со учениците, нивните родители и вработените во училиштата во Делчево.

| | ЦЕЛНИ ГРУПИ /ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛНИ ГРУПИ** | **РИЗИЦИ И ПРОБЛЕМИ** | **ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ** | **ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ** |
| **1. ДДЕЦА И МЛАДИНЦИ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ОД ЗАВИСНОСТИ** | **-Загрозена сигурност и безбедност<br>-Деца во судир со законот и асоцијално однесување<br>-Запоставени деца(семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за децата)<br>-Опасност по здравствената состојба на децата<br>-Невклученост во образовниот процес<br>-Изложеност на дееликвентно однесување<br>-Конфликти во семејството<br>-Ризици по здравјето<br>-Насилство, зависности<br>-Криминогено однесување<br>-Конфликти во семејството.** | **СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ преку даватели на услуги<br><br>-мобилни тимови за идентификување на децата и нивните семејства<br>-организирање на вонредни систематски здравсствени прегледи за учениците<br>-едукација на семејствата<br>-акција за вклучување на децата во образовниот процес<br>-превентивни кампањи за злоупотреба на психотропни супстанци<br>-примена на превентивна програма во училиштата<br>-психосоцијални интервенции<br>-кампања за дестигматизација<br>-функционирање на тимови за домашна посета<br>-функционирање на тимови за здравствена заштита** | **-Општина Делчево<br>-МВР<br>- ЈУМЦСР<br>-Здравен дом Гоце Делчев<br>-Обрзовните институции<br>-НВО** |

**За реализација на овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на МТСП, со лиценцирање на НВО за услугата советувалишна и советодавно тераписка работа со групи во ризик. Во тек е лиценцирање на НВО „Бравура кооперативa“ за наведената услуга.**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Услуги за советување за малолетничка | **Според издадени решенија пд ЦСР за** | МТСП | -Општина Делчево<br>-Здруженија на граѓани- | Број на мажи/жени кои се стекнале со лиценца за испорака на услугата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| деликвенција, консумирање на дрога, психотропни супстанции и алкохол | **број на денови за испорачана услуга** (265ден.за индивидуално советување по корисник дневно и 169 ден. за групно советување дневно) | | лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>-МТСП | Број на девојчиња/момчиња на кои е испорачана услугата |
| Организирање на предавања и работилници со учениците, нивните родители и вработените во училиштата во Делчево | **100.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево,<br>НВО,<br>Други донатори | -Општина Делчево,<br>- Совет за млади | Број на мажи/жени и број на момчиња/девојчиња кои учествувале на предавањата/работилниците |
| Организирање на предавања/работилници за борба против врсничкото насилство | **100.000 ден.** | Општина Делчево,<br>Јавни/државни институции, | -Општина Делчево<br>-Јавни/државни институции | Број на мажи/жени и број на момчиња/девојчиња кои учествувале на предавањата/работилниците |
| **ВКУПНО:** | **200.000 ден.** | **Буџет на Општина Делчево** | | |

**3.Социјална заштита на лица со посебни потреби**

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 година опфаќа мерки и активности за грижа и заштита на лицата со посебни потреби/лицата со попреченост. Целите на овие мерки се гледаат првенствено во:

- Социјална вклученост на лицата со попреченост на пазарот на трудот преку обезбедување стекнување на одредени работни вештини и нивно работно ангажирање со скратено работно време ,
- Зголемување на понудата на социјални услуги согласно потребите на лицата со посебни потреби,
- Обезбедување на лични и образовни асистенти на децата со посебни потреби кои се вклучени во образовниот систем,
- Формирање на дата база на податоци лица со посебни потреби според видот и категоријата на која припаѓаат,
- Обезбедување пристапност на лицата со посебни потреби до јавните институции,
- Подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост преку кампањи и заедничко прославување на датуми и настани.

**Со поддршка на NALAS и GIZ а по иницијатива на ЗЕЛС, за прв пат во Општина Делчево се спроведе социјално мапирање на лицата со попреченост, нивните потреби и приоритети. Кон крајот на 2023 година спроведено е анкетирање на 70 лица со попреченост со цел да се утврдат реалните потреби на овие лица и да се креираат мерки и активности.**

Заклучоци и препораки од социјалното мапирање

**Согласно резултатите од спроведеното социјално мапирање и методологијата на проценка на изложеност на петте ризик фактори, најранливи категории  на граѓани во Општина Делчево се лицата со попреченост и тоа:**

- Лица кои живеат сами и лица кои имаат семејна поддршка, но, заради возраста на родителите/старателите, постои високр ризик да останат сами а имаат умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, тешка телесна попреченост или комбинирана попреченост од овие две попречености;
- Лицата кои немаат образование и не се во можност да го оформат средното образование и не можат да бидат дел од пазарот на трудот заради оваа причина;
- Лицата кои живеат во екстремна сиромаштија, која се манифестира со неможност да се обезбедат доволно и соодветни оброци, неможност да се обезбеди топол дом и да ги имаат потребните лекови;
- Жените односно девојките со попреченост, заради нивната изолација од страна на родителите/старателите да не се вклучат во програми за реинтеграција и рехабилитација;
- Родителите/старателите на лицата со попреченост, кои не се во работен однос заради грижа на лице со попреченост;
- Лицата кои се тешко подвижни и имаат потреба од специјално возило за лица со попреченост;
- Лицата кои не се во можност, заради економски причини или заради тешка подвижност, да посетат лекар специјалист во друга општина;
- Жените со попреченост кои се жртви на дискриминација;
- Лицата со телесна или комбинирана попреченост, кои живеат во недоволно пристапни домови;
- Жените со попреченост, кои не се сопственички на домовите;

- Лицата кои имаат интелектуална попреченост и не се во можност да се информираат соодветно и навремено за евентуални ризици и елементарни непогоди и се во опасност самите да предизвикаат пожар или поплава во својот дом;
- Лицата со телесна и комбинирана попреченост, кои живеат во непристапни улици и домови за возила на противпожарната служба.

Врз основа на анализа на поткатегориите на лица со попреченост, кои се најизложени на петте ризик фактори, може да се заклучи дека кај сите ризик фактори, најзиложени се:

- **Жените и девојките со попреченост, особено со интелектуална попреченост;**
- **Лицата со тешка телесна попреченост, особено лицата со комбинирана попреченост-телесна и интелектуална попреченост.**

**Заклучоците и препораките од социјалното мапирање се наведени во Извештајот кој може да се најде на интернет страницата на Општина Делчево www.delcevo.gov.mk**

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЈНИТЕ И ПОТРЕБИТЕ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

| РИЗИК ФАКТОР | ЦЕЛНА ГРУПА | ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА | ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА | НАЧИН | ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ | ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | ФИНАНСИСК И ИЗВОРИ | НОСИТЕЛ | ПАРТНЕРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Социо-економски статус | Лица со попреченост, старатели и нивни семејства | ОКР-грижа во домот | Образование за возрасни за лицата со попреченост | Отворање на Центар за образование за возрасни | 22 | Делчево, М.Каменица, Берово и Пехчево | 490.000 | Донатори , НВО и Општина Делчево | НВО | Општина Делчево, МОН |
| | | Услугите што ги дава ЦСР | Советувалишна и советодавна тераписка услуга | Лиценцирање на НВО за психо-социјална поддршка , советување и правно застапување на лицата со попреченост | 20 | Делчево | 319.800 | Донатори, НВО и МТСП | НВО | ЦСР, Општина Делчево |
| | | ЗГ „Бравура кооператива“ | Рехабилитација и реинтеграција | Лиценцирање на НВО за услугата рехабилитација и реинтеграција на лицата со попреченост | 12 | Делчево и М.Каменица | 492.000 | Донатори , НВО и Општина Делчево | НВО | Општина Делчево, МТСП, Бизнис сектор |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

| РИЗИК ФАКТОР | ЦЕЛНА ГРУПА | ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА | ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА | НАЧИН | ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ | ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | ФИНАНСИСК И ИЗВОРИ | НОСИТЕЛ | ПАРТНЕРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Географија** | Лица со попреченост, старатели и нивни семејства | Нема | Поддршка во живеењето | Обезбедување социјални станови за семејствата на лицата со попреченост | 3 | Делчево | / | Министерство за транспорт и врски | МТСП | Општина Делчево, НВО |
| | | Нема | Групни домови за лица со попреченост | Обезбедување услови за отворање на мали групни домови за лицата со попреченост | 5 | Делчево | / | МТСП, донатори, Општина Делчево | МТСП | НВО |
| | | делумно | Обезбедување пристапност до живеалиштата | Изградба на пристапни рампи и патеки до живеалиштата на лицата со попреченост | 10 | Делчево | **300.000** | Општина Делчево, донатори | Општина Делчево | НВО |
| | | | | | | | | | | |

| **РИЗИК ФАКТОР** | **ЦЕЛНА ГРУПА** | **ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА** | **ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА** | **НАЧИН** | **ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ** | **ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ** | **ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)** | **ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ** | **НОСИТЕЛ** | **ПАРТНЕРИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дискриминација** | Лица со попреченост | Нема | Информирање | Кампања за подигање на јвната свест за препознавање и пријавување на дискриминација | 80 | Делчево | 67.000 | Општина Делчево, донатори, медиуми | КЕМ | НВО, медиуми |
| | | Нема | Советување и упатување | Помош при подготовка на прставки до КСЗД | 20 | Делчево | 50.000 | НВО, донатори | НВО | КЕМ |
| | | Нема | Информирање | Информативни трибини | 70 | Делчево | 50.000 | НВО, донатори | КЕМ | НВО, медиуми |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

| РИЗИК ФАКТОР | ЦЕЛНА ГРУПА | ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА | ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА | НАЧИН | ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ | ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | НОСИТЕЛ | ПАРТНЕРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Управување** | Лица со попреченост | Информативни состаноци | Развој на консултативен процес | Форум на заедници | 80 | Делчево | **30.000** | Општина Делчево, донатори | Општина Делчево | НВО, медиуми |
| | | Формиран Совет за социјална заштита | Развој на консултативен процес | Вклучување на претставници на НВО за лица со попреченост во комисии и тела на општината | 5 | Делчево | 0 | Општина Делчево | Општина Делчево | НВО |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

| РИЗИК ФАКТОР | ЦЕЛНА ГРУПА | ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА | ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА | НАЧИН | ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ | ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | НОСИТЕЛ | ПАРТНЕРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ранливост кон шокови** | Лица со попреченост, старатели и нивни семејства | Нема | Заштита и спасување | Изработка на протоколи за рано предупредување и евакуација на лицата со попреченост | 130 | Делчево | 100.000 | Дирекција за заштита и спасување | Дирекција за заштита и спасување | Општина Делчево, НВО |
| | | | Управување со кризи | Интегрирање на лицата со попреченост во проценката и плановите за справување со кризи, евидентирајќи ги локациски и според нивниот вид на попреченост | 130 | Делчево | 100.000 | Центар за управување со кризи | Центар за управување со кризи | Општина Делчево, НВО |
| | | | Информирање и тревожење | Воведување систем за известување и тревожење, којшто е прилагоден на специфичните потреби на лицата со попреченост | 180 | Делчево | 100.000 | Центар за управување со кризи ,Општина Делчево, донатори | Општина Делчево | НВО, бизнис сектор |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Општина Делчево преку низа настани и прослави работи на подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост со организирање на кампањи и заедничко прославување на датуми и настани:
20 Февруари – светски ден на социјалните права,
28 Февруари – ден на ретките болести
21 Март – светски ден на лицата со даунов синдром
02 Април – светски ден на аутизмот
19 Август – светски ден на хуманоста
10 Октомври – светски ден на менталното здравје
15 Октомври – меѓународен ден на белиот стап
03 Декември – меѓународен ден на лицата со попреченост

**4.Социјална заштита на социјално загрозени семејства**

За остварување на социјалната превенција, Општина Делчево презема мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Правото на социјална заштита на социјално загрозените семејства, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијал

Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

За таа цел Општина Делчево издвијува средства за парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) и средства за спортски клубови и НВО.

| Р.бр | Исплата по основ | Исплата вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај | **790.000 ден.** |
| 2. | Еднократна парична помош за новороденчиња | **340.000** |
| 3. | Еднократна парична помош за згрижувачките семејства | **100.000** |
| | **ВКУПНО:** | **1.230.000 денари** |

**5.Програма Општинско корисна работа**

Програмата Општинско –корисна работа има за цел :

**-Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост** на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд

**-Да ја зголеми понудата на општински услуги** согласно потребите на населението а кои се во надлежност на локалната самоуправа

Активноста за помош на невработените лица ќе се спроведува преку ангажирање на невработените лица во спроведување на Програмата за општинско корисна работа (ОКР) . Програмата ќе се реализираат преку работно ангажирање на невработените лица евидентирани во Агенцијата за вработување, а кои им припаѓаат на ранливите групи на население, вклучувајќи ги и лицата корисници на право на гарантирана минимална помош (ГМП).

Ангажирањето на невработените лица за ОКР ќе биде со скратено работно време (20 работни часа

седмично) во период од 6 или 9 месеци при што за лицата даватели на социјални услуги кои поседуваат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера, работниот ангажман ќе биде 9 месеци, а за лицата кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции работниот ангажман ќе биде 6 месеци по претходно задолжително завршување на обука во времетраење од 3 месеци спроведена од страна на верификуван спроведувач на обука за да се здобијат со соодветен признат сертификат/уверение за стекнати вештини/компетенции како давател на потребната услуга.

Месечниот надомест ќе изнесува 13.750 денари за лице, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. На корисниците на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош, за времетраење на работно ангажирање ќе им остане активно претходно оствареното право.

Право на учество во програмата имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата. Но, доколку во евиденцијата на АВРСМ, нема невработени лица со потребни квалификации и вештини, согласно барањата на ангажманот, тогаш ќе може да учествуваат и невработени лица кои и претходно учествувале во програмата. Доколку одобрените активности за нашата општина се однесуваат на обезбедување на услуги за деца со попреченост и возрасни лица со попреченост, поради специфичноста на услугата ќе биде овозможено грижата да ја дава истото лице што било претходно ангажирано.

| Р.бр | Исплата по основ | Бр. на ангажирани лица | Единечен износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ангажирани невработени лица во Општинско корисна работа во 2025 година | 20 | 13,750 ден.х 20 лица х 9 месеци | **2.475.000 ден.** од кои Општина Делчево обезбедува **434.160 денари** |

**6. Промовирање нови социјални услуги**

Еден од најважните сегменти за локалната интервенција е воспоставувањето на мрежа на даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавните установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои Министерството склучило управен договор за давање на социјални услуги, како и физичко лице кои добило дозвола за вршење на работи од социјалната заштита како професионална дејност и склучиле договор со Центарот за социјална работа.

Во изминатиот период Општина Делчево посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и за воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе се пружаат преку овластени даватели на социјални услуги. Досега лиценца за давање на услугата помош и нега во домот добија ЗГ „Бравура кооператива „ и ОО на Црвен крст Делчево.

**6.1 Услуги за информирање и упатување**

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи а кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани. Досега нема регистрирано лиценцирана НВО за давање на овој вид на услуга.

**6.2 Услуги на стручна помош и поддршка**

Воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат разрешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство, работа со малолетници во ризик/малолетничко престапништво и др. Досега нема регистрирано лиценцирана НВО за давање на овој вид на услуга. ЗГ „ЖЕНА„ од Делчево нуди бесплатна психо-социјална помош за граѓаните во социјален ризик и тоа како проектна актвност.

**6.3 Услуги на советување**

Општината заедно со надлежното Министерство е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици ( деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилсто и семејно насилство). Досега нема регистрирано лиценцирана НВО за давање на овој вид на услуга. Со поддршка на Општина Делчево ЗГ „Бравура кооператива' отпочна постапка за лиценцирање за услугата советувалишна и советодавно-тераписка работа со маргинализирани групи.

**6.4 Услуги за помош и нега во домот**

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги. Досега лиценца за давање на услугата помош и нега во домот добија ЗГ „Бравура кооператива „ и ОО на Црвен крст Делчево.

**6.5 Услуги за лична асистенција**

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во опшеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална заштита . Од 2021 година оваа социјална услуга ја пружаат лиценцирани лични и образовни асистенти кои се вклопени во редовниот образовен процес.

**6.6 Услуги во заедницата**

Услугите во зедницата ги опфаќаат услугите во дневните центри и тоа дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со посебни потреби, дневни центри за зависници, дневни центри за престој на деца и младинци и други центри за поддршка на живеење во заедницата. Во 2025 година продолжуваме со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра" , чиј носител е ЗГ „Бравура кооператива" . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација , во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево.

**6.7 Услуги за вон - семејна заштита**

Живеење со поддршка

- Обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст,
- Обезбедување на стамбени единици за домување
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)

- Иако оваа услуга е управувана од МТСП , општината дава значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства. За таа цел општината доделува парична помош на секое згрижувачко семејство во еднократен износ од 10.000 денари.

Сместување во установа

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица. Бројот на стари лица во Општина Делчево кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е се поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

Во 2023 година отпочната е изградба на првиот приватен дом за стари лица со почетен капацитет за 35 лица.

**Табеларен приказ на Програмата за социјална заштита за 2025 година, по ставки:**

| Ред.бр. | Активност | Период на реализација во 2025 | Предвидени средства во денари | Ставка од Буџетот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Социјална заштита на стари лица** | Континуирано во текот на целата година | 434.160 | 471160 |
| 2. | **Социјална заштита на деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности** | Континуирано во текот на целата година | 200.000 | 425790 |
| 3. | **Социјална заштита на лица со посебни потреби** | Континуирано во текот на целата година | 330.000 | 471410 |
| 4. | **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | Континуирано во текот на целата година | 1.230.000 | 471160 |
| | **Од Буџет на општината** | **ВКУПНО:** | **2.194.160 ден.** | |
| | **Од донатори** | **ВКУПНО:** | **2.040.840 ден.** | |
| | | **ВКУПНО:** | **4.235.000 ден.** | |

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Градоначалникот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за правни и општи работи и јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09- 522/1** **Совет на Општина Делчево**
**26.02.2025 г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

7. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 44. Редовна седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година;

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 - 523/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

8.Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ 15/2015, 98/15, 193/15, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ 275/2019, 90/2020), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево 15/2013), Советот на Општина Делчево на 44 Седница одржана на ден 26.02.2025 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година бр.09-238/1 од 29.01.2025 година објавена во „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2025и тоа:

Во точката **5. Висината на надоместокот за уредување градежно земјиште и негова распределба** по точката **њ)**, се додава нова подточка **о) која гласи**:

о) Висината на надоместокот за уредување градежно земјиште за објектите предвидени согласно со „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1207, КО Ѕвегор, Општина Делчево“ ќе се пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево и изнесува 15.300 денари по м2 корисна станбена површина за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура кој опфаќа непречен пристап до градежните парцели преку изградена патна инфраструктура во рамки на ДУП Пролет, а останатата комунална инфраструктура инвеститорот сам ќе ја обезбеди согласно со одобреното Урбанистичкото решение. Пресметка за надомест ќе се врши согласно со Правилникот за степенот на уредување градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 524/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

9. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 44 Редовна седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2024година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2024година;

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-525/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02.2025 г. одина** **Председател**
**Делчево** **Гоце Попов**

10. Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево („Службен глесник на Општина Делчево“ бр.8 од 17.11.2008) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Делчево на 44 Седница одржана на ден 26.02.2025 ја донесе следната :

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА**
**ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Под поимот одржување јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево.

**ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ**

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,

-Миење на улиците и јавните површини,

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,

-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

ДИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавнитре површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мраз по тротоарите и пешачките патеки.

Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- Од 06.00-14.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- Од 07.00-15.00 часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |

| | |
|---|---|
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 6 | Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион) |
| 7 | Градски Пазар |
| 8 | Паркинг пред Спомен дом АСНОМ |
| 9 | Паркинг пред Здравен дом |
| 10 | Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом |
| 11 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 12 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 13 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 14 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 15 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 16 | Парк кај нова црква ,,Св.Кирил и Методи,, |
| 17. | Мини парк (кај стариот градски пазар |
| 18. | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи |
| 19. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.700м2 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.06 до 30.09) во временскиот интервал од 04 – 07 часот еднаш во неделата

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 10.700м2 |

УЛИЦИ И ПОВРШИНИ ОД КОИ СЕ СОБИРААТ ОТПАДОЦИ

Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси (песок, камен, кал, лисја и сл. По поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 5 | Градски Пазар |

| | |
|---|---|
| 6 | Градски парк  пред Спомен дом АСНОМ |
| 7 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 8 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 9 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 10 | Пешачки остров на  ул,,Пере Тошев,, |
| 11 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 12 | Кеј на река Брегалница |
| 13 | Голак сцена и спортски игралишта |
| 14 | Парк кај нова црква ,,Св. Кирил и Методи,, |
| 15. | Мини парк ( стар градски пазар) |
| 16. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.470м2 |

ЧИСТЕЊЕ СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД ,,Брегалница,,  Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.

Во зимски услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од следните јавни површини:

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Тротоари на ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Тротоари на ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Тротоари на булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Тротоари на ул.,,Индустриска,, |
| 5 | Тротоари на ул.,,Светозар Марковиќ,, |
| 6 | Тротоари на ул.,,Кеј на ослободување-десниот тротоар гледано во правец на градскиот базент) |
| 7 | Паркинг пред спомен дом АСНОМ |
| 8 | Паркинг пред Здравен дом,,Гоце Делчев,, |
| 9 | Градски пазар 200м2 |
| 10 | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи |
| 11. | Тротоар на улица ,,3,, |
| | Вкупно површина од 13.900м2 |

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Преглед на потребни финансиски средства за спроведување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2024 година

| Ред.бр. | Позиција | Ед.мера | Количина | Ед.цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на улици и јавни површини-секојдневно(282 | | (20.700x260) | 0.15 | 807.300.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | дена во годината) | М2 | 5.382.000 | | |
| 2 | Миење на улици - 4мес.х4пати-16 пати во годината | М2 | (10.700x16) 171.200 | 0.50 | |
| 3 | Собирање на отпадоци од јавни површини-секојдневно 282д. | М2 | (20.270x260) 5.270.200 | 0.15 | 790.530.00 |
| 4 | Чистење на снег и мраз во зимски услови-зимски период | М2 | 13.900 | 8.50 | 118.150.00 |
| 5 | Набавка и поставување на улични корпи за отпадоци | Бр. | 10 | 2.000.00 | 20.000.00 |
| | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | 1 735 980.00 |

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2025 ГОД.

| Ред.бр. | Приходи | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Надомест за јавна чистота од домаќинствата | 1.819.840.00 |
| 2 | Надомест за јавна чистота од правни лица | 452.540.00 |
| | | |
| | ВКУПНО | 2.272.280.00 |

Пресметките се дадени во случај наплатата да биде 100%.

Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчево. Пренесувањето на средствата на давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.

Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши инспектор за животна средина на Општина Делчево.

**Бр 09-526/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 год.** **Претседател**
**ДЕЛЧЕВО** **Гоце Попов**

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 44. Седница, одржана на ден 26 .02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Велинова Вена од с.Стамер, Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоците за болнички прегледи, трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Велинова Вена на трансакциска сметка 240167107505465 при УНИ Банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе Одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 527/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

12. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и Барање бр.21-396/1 од 12.02.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 44. Седница, одржана на ден 26 .02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање бр.21-396/1 од 12.02.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Славчо Георгиевски, со адреса на живеење „Лика Чопова“ бр.8 - Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоците за болнички прегледи, трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Славчо Георгиевски на трансакциска сметка 300007094548123-Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе Одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 528/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

13. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и Барање бр. 21-413/1 од 14.02.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 44. Седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање бр.21-413/1 од 14.02.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Владе Димитровски од Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање погребални трошоци и санација на куќа настрадана во пожар.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Владе Димитровски на трансакциска сметка 200001704834841 при Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 529/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

14. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-219/1 од 27.01.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 44. Седница, одржана на ден 26.02. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства на Ловечко здружение ОСТРЕЦ Делчево**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ од 42.000 денари на Ловечко здружение ОСТРЕЦ Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за набавка на ловечка пушка како главна награда на традиционалната ловечка вечер.

Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината за 2025 година на име Ловечко здружение ОСТРЕЦ Делчево на трансакциска сметка 200000001990238, Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе Одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -530/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 г** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

15. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и Барање бр. 21-446/1 од 18.02.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 44. Седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање бр.21-446/1 од 18.02.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Мери Арсениевска од Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за учеството во EHF Master Coach семинарот кој беше одржан во Белград, Република Србија.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Мери Арсениевска на трансакциска сметка 280105102334406 при Силк роуд Банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 531/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

16. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, а по Барање бр. 09-322/1 од 06.02.2025 година на Ванчо Димитров од Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 44. Редовна седница, одржана на ден 26.02.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се задолжува Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај да направи увид на лице место за да ја утврдат фактичката состојба и да го извести Советот на Општина Делчево, дали со цевка со пресек Ф-300, должина од 500 метри која е предмет на Барањето бр.09-322/1 од 06.02.2025 година на Ванчо Димитров ќе се реши

проблемот.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 532/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.02. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**